SCCA

SOROS CENTER FOR CONTEMPORARY ARTS
- SKOPJE, MACEDONIA

# Центар за компјутерски уметности (CefCa)

На 12 февруари официјално започна со работа Центарот за компјутерски уметности - CefCA <http://www.soros.org.mk/scca/cefca>, кој е сместен во просториите на SCCA, во ИОО - Македонија, Скопје.




CefCA со своите активности ги организира и промовира интернет проектите, CD ROM проектите, интернет базата на податоци и интернет конференциите.

Во рамките на CefCA работи слободната лабораторија отворена за сите уметници како и CD ROM библиотеката.

Досегашни активности на CefCa кои се започнати пред официјалното отворање на CefCA се Web page design проектот Лајка - вистинитата приказна <http://www.soros.org.mk/scca/cefca/lajka/fresh.htm>, на уметниците Нада Прља, Стефан Бударовски, Мирослав Стојановиќ, Александар Здравковски, кој се одржа во рамките на Refresh интернационалниот интернет проект на преку 20 европски центри. Втор проект на CefCa е Интернет проектот во развој на Мелентие Пандиловски Welcome Back to the Empire <http://www.soros.org.mk/scca/empire>.





Од официјалното отворање на 12.02.1997 , CefCa организираше две компјутерски видео конференции кои се оддржаа во канцеларијата на SCCA на 18.02.1997 и 28.03.1997 преку http://pseudo.com/shows/adirt/index.html. На првата беше презентиран Интернет проектот *Welcome Back to the Empire* на Мелентие Пандиловски. На CuSeeMe конференцијата зедоа учество повеќе уметници и медијски личности од Њујорк и Бостон како Гари Ховагимијан и Кармин Карасик, а од Скоп-је, Мелентие Пандиловски, Сузана Милевска, Александар Колов и Филип Стојановски.

Втората Интернет видео конференција (CuSeeMe) исто така се оддржа во просториите на CefCA/SCCA - Скопје преку http://www5.awa.com/~gh/webJam.html. На неа зедоа учество повеќе од 20 центри на електронска уметност од Европа, Северна Америка, Јужна Америка, Австралија и Азија. На CuSeeMe конференцијата зедоа учество повеќе уметници и медиумски личности од Њујорк, Бостон, Париз, Манчестер, Скопје. SCCA ги презентираше материјалите од филмот *Бериќет* на редисерот Митко Панов и музиката од филмот од Тони Аџиниколов. Во овој втор CuSeeMe проект на CefCA со свои придонеси учествуваа Мелентие Пандиловски, Александар Колов и Филип Стојановски.

Проектот на Виолета Блажеска и Богдан Грабулоски *Слушајќи го зву-кот*, се одржа во МКЦ-Скопје на 09.04.1997. Интернет страницата на овој проект е сместена на http://www.soros.org.mk/scca/cefca/sintezis/sintezis.htm.



